# МИСИОНСКИ
## ПРОПОВЕДИ






ЧЕТВРТО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2023

*Сабота, 7 октомври 2023*

## „СПРОТИВНОСТИ ЗА ХРИСТОВОТО РАЃАЊЕ“

Лука 2,7-20: *„И го роди својот Син, првенец, па Го пови и Го положи во јасли, зашто за нив немаше место во гостилницата; А во тој ист крај пастириноќеваа под ведро небо, чувајќи го своето стадо; И одеднаш Господов ангел им пристапи и Господовата слава ги осветли, па се уплашија многу; Ангелот пак им рече: 'Не бојте се, зашто, еве, ви најавувам добра вест, голема радост, која ќе биде за сите народи: зашто денес ви се роди Спасител, во Давидовиот град, Кој е Христос Господ; И ова ви е знак: ќе најдете Младенче повиено, како лежи во јасли!' И одеднаш со ангелот се најде множество небесно воинство, кое Го фалеше Бога, велејќи: 'Слава на Бога во висините и на земјата мир, во луѓето добра волја!' А кога ангелите си отидоа од нив во небото, пастирите си зборуваа еден на друг: 'Тогаш, да отидеме до Витлеем и да видиме што се случило таму, за кое ни соопшти Господ!4 И брзајќи дојдоа и ги најдоа: Марија и Јосифа, и Детенцето како лежи во јаслите.А штом видоа, кажаа сѐ што им беше речено за Детенцето. И сите кои чуја, се восхитуваа на она, што пастирите им го рекоа. А Марија ги помнеше сите овие зборови и размислуваше за нив во своето срце. И пастирите се вратија, славејќи Го и фалејќи Го Бога, за сѐ што чуја и видоа, онака како што им беше речено“.*

**Илустрација:** Било време на големо славење во палатата бидејќи штотуку бил роден принцот. Во близината на престолот се водела жива дискусија додека царевите и советниците предлагале кој е најдобриот начин за објавување на прекрасната вест. Предложиле некои детални начини за известување и прославување на овој голем настан. Сите, освен еден, го изразиле своето мислење и сега царот му се обраќа и прашува, „А што е со тебе? Дали имаш некоја идеја? Што предлагаш: Мислам дека треба да го испратиме гласникот кај пастирите кои вечерва го чуваат стадото“.

Можеби личи како смешна идеја, но сепак, така Бог го најавил Исусовото раѓање. Божјите патишта сосема сигурно не се и наши патишта, зар не?

**А.** Слушајте додека ги читам овие познати зборови од втората глава на Евангелието според Лука, почнувајќи од 8-от стих: „А во тој ист крај пастири ноќеваа под ведро небо, чувајќи го своето стадо. И одеднаш Господов ангел им пристапи и Господовата слава ги осветли, па се уплашија многу. Ангелот пак им рече: 'Не бојте се, зашто, еве, ви најавувам добра вест, голема радост, која ќе биде за сите народи: зашто денес ви се роди Спасител, во Давидовиот град, Кој е Христос Господ. И ова ви е знак: ќе најдете Младенче повиено, како лежи во јасли!' И одеднаш со ангелот се најде множество небесно воинство, кое Го фалеше Бога, велејќи: *'Слава на Бога во висините и на земјата мир, во луѓето добра волја!'* А кога ангелите си отидоа од нив во небото, пастирите си зборуваа еден на друг: 'Тогаш, да отидеме до Витлеем и да видиме што се случило таму, за кое ни соопшти Господ!'" (Лука 2,8-15) Некако, кога слушаме за пастирите кои дошле до шталата за да го видат Исуса, чувствуваме топлина околу срцето. Ако пастирите се вредни за Бога, тогаш и ние сме вредни. Бог ги сака обичните луѓе и Бог нè сака нас!

**Б.** Слушнете сега уште еден познат текст од Евангелието според Матеј, втора глава 1-12: *„А кога Исус се роди во Витлеем Јудејски, во дните на цар Ирод, ете, мудреци од исток пристигнаа во Ерусалим, и рекоа: 'Каде е Тој кој се родил, Царот на Јудејците? Зашто ја видовме Неговата ѕвезда на исток и дојдовме да Му се поклониме'. Кога го чу тоа, царот Ирод се вознемири, и целиот Ерусалим со него. И ги собра сите главни свештеници и народните книжници и ги распрашуваше каде треба да се роди Христос. А тие му рекоа: 'Во Витлеем Јудејски, зашто пророкот напиша така: 'И ти, Витлееме, земјо Јудина, никако не си помал меѓу Јудините првенци, зашто од тебе ќе излезе Владетел, Кој ќе го пасе Мојот народ Израел.' Тогаш Ирод ги повика тајно мудреците и внимателно го научи од нив времето, кога се појавила ѕвездата, и испраќајќи ги во Витлеем им рече: 'Отидете и распрашајте се точно за Детето, и кога ќе Го најдете, јавете ми, за да дојдам и јас да Му се поклонам'. Тие, откако гоислушаа царот, тргнаа, и ете, ѕвездата, што ја видоа на исток, одеше пред нив додека не дојде и не застана над местото каде беше Детето. И кога ја видоа ѕвездата, се зарадуваа со многу голема радост.И кога влегоа во куќата, го видоа Детето со Неговата мајка Марија, и паднаа ничкум и Му се поклонија; ги отворија*

*своите сокровишта и Му принесоа дарови: злато, темјан и смирна. И откако беа предупредени од Бога во сон, да не се враќаат при Ирода, заминаа по друг пат за својата земја'".*

Приказната за мудреците исто така е приказна за љубовта и обожавањето. Тие се претставници на благородништвото на тоа време – богати, образовани и учени. И тие му се скапоцени на Бога. Кога и да помислиме на пастирите и мудреците, неизбежно гледаме глетка на љубов, радост и обожавање.

__В.__ Кога ќе помислиме на царот Ирод, тогаш гледаме темнина, омраза и смрт. Во 16. стих читаме страшни зборови, *„Тогаш Ирод, кога виде дека мудреците го измамија, се разгневи многу, па испрати да бидат погубени, во Витлеем и во целата негова околина, сите машки деца од две години и помали, според времето што го дозна точно од мудреците"*. Зошто луѓето се однесуваат како Ирод? Зошто некои луѓе се полни со љубов и среќа, а други полни со очај и темнина? Мислам дека можеме нешто да научиме додека ги проучуваме овие текстови за пастирите, мудреците и Ирод. Можеби ќе почнеме повеќе да го цениме Исусовото раѓање.

**I. Бог може да работи со оние луѓе кои се подготвени да ја примат Неговата порака**

Најпрво, мислам дека Бог избрал оваа прекрасна вест за Исусовото доаѓање да им ги објави на пастирите и мудреците, затоа што тие биле подготвени за овој настан. Некако почвата на нивното срце била изорана и подготвена за сеење на славното семе.

__А.__ Кој подобро од овчарот се разбира во идејата за жртвување? Дали знаете колку Витлеем е оддалечен од Ерусалим? Тие се оддалечени само неколку километри, одвоени со ритчиња на кои пастирите ги чувале своите стада.

**Илустрација:** *Историјата ни кажува дека голем дел од овците кои се одгледувани на тие ритчиња меѓу Ерусалим и Витлеем, се одгледувани посебно за да се употребат како жртва во храмот во Ерусалим. Еднаш годишно секое еврејско семејство требало да дојде во Ерусалим и да принесе жртва во храмот за своите гревови. Јагнето било вообичаена жртва.*

Тие не носеле јагне со себе бидејќи поминувале долг пат од својот дом до Ерусалим. Наместо тоа, купувале јагне кога пристигнувале

во Ерусалим и подоцна го употребувале како жртва.

Така, овие пастири знаеле сè за жртвите. Тие својот живот го поминувале на ритчињата надвор од Витлеем и гледале како се раѓаат јагнињата. Ги гледале како растат и знаеле дека еден ден ќе дојде некој свештеник, ќе ги купи и ќе ги однесе во храмот, каде ќе бидат понудени како жртва поради гревовите на луѓето.

Знаеле дека гревот е страшен во Божјите очи и бара пролевање на крв и давање живот. Значи соодветно е тоа што пастирите први ја слушнеле веста за „Божјото Јагне“, кое е Спасител, Христос Господ. Тие биле подготвени на тоа. Нивниот ум бил едноставен. Тие не биле големи теолози. И тие не измислувале причини за да не веруваат, туку едноставно верувале. Нивните срца и души биле подготвени, и, кога Бог проговорил преку ангелите, тие слушале и со голема радост ја прифатиле веста.

**Б.** И мудреците биле подготвени. Очигледно е дека ги проучувале големите пророштва за Израел. Нема сомнение дека тие дошле од подрачје во кое пророкот Даниел имал толку големо влијание. Дали и тие ги имале истите Данилови пророштва како и ние денес? Тоа нам не ни е познато. Но, тие чекале и се надевале. Кога ја виделе силната светлина и сјајната ѕвезда, знаеле дека ова значи нешто посебно. Се сетиле на сето она што го научиле, и биле подготвени да тргнат на пат, бидејќи знаеле дека ѕвездата значи дека некаде е роден царот и сакале да Му се поклонат. Биле подготвени за Христовото раѓање.

**В.** Но, царот Ирод не бил подготвен. Дали некогаш сте се запрашале зошто царот Ирод не ја видел ѕвездата? Ако била доволно сјајна за да ја видат мудреците во далечната земја, значи била доволно сјајна да ја види и Ирод. Зошто Ирод не го чул објавувањето на ангелот? Зошто не го видел сјајното небо таа ноќ? Можел да го види тоа. Можел да го слушне. Но тој немал уши да го слушне тоа ни очи да го види. Христовото раѓање дошло како пастирите и мудреците, така и за Ирод. Но, Ирод не го знаел тоа, бидејќи не бил подготвен.

*Ако Му се спротивставиме, ако го занемариме она што Бог го направил преку Исуса Христа, тогаш Христовото раѓање доаѓа, како и секогаш, но нам не ни значи исто бидејќи нашите срца се студени и нечувствителни кон она што Бог се обидува да го направи во нашиот живот.*

*Дали си подготвен? Дали твоето срце е меко? Дали твоите уши се чувствителни? Дали можеш да слушнеш како Бог ти раскажува за својата љубов.*

**II. Биле подготвени да тргнат на патување полни со вера, за да го видат Исуса.**

Второ, кога ја слушнале пораката, и мудреците и пастирите биле подготвени да тргнат на тоа патување со вера, но тоа не било случај со Ирод.

**А.** Ги сакам зборовите што ги кажале пастирите. Набргу, откако ангелите се вратиле на небото, тие еден на друг си зборувале, *„Ајде да одиме до Витлеем, да видиме што се случило таму, што ни кажа Господ“*. Тие не рекле, *„Ајде да одиме до Витлеем да видиме дали тоа е вистина“*. Тие не се посомневале во Божјата порака, ниту им поставувале прашања на ангелите. Тие не седеле и не размислувале за сите невозможности, и како, човечки гледано, тоа воопшто нема смисла. Не, тие побрзале во Витлеем да го видат Детето. Тоа за нив било *патување со вера.*

**Б.** А што е со мудреците? Дали некогаш сте се ставиле на нивното место? Дали можете да замислите како стојат во своите дворови и ги подготвуваат камилите за долгото патување? Тие ги товарат своите дисаги со храна, облека, злато, смирна и темјан. Тогаш им пристапуваат соседите и прашуваат, „Што правите“? Мудреците им одговараат, „Се подготвуваме за патување“. „А каде ќе одите“? „Па, не сме сигурни“. „Имате ли мапа?“ „Не, ќе ја следиме ѕвездата“. „О! А што ќе најдете кога ќе стигнете таму“? „Ќе го пронајдеме царот“. „Како се вика царот“. „Не знаеме. Сè што знаеме е дека ја видовме Неговата ѕвезда и ќе ја следиме додека не нè доведе до Него, и тогаш ќе му се поклониме“.

Тоа било патување со вера. Верата нема смисла кај луѓето кои не ја познаваат пораката и кои не учествуваат во таа вера. Тоа било патување со вера, а верата може да ја објасни само срцето кое разбира што е вера.

**В.** Но, Ирод немал вера. Тој ја слушнал пораката од мудреците. Мудреците дошле во палатата на Ирод и прашале, „Каде е царот Јудејски кој се роди? Ја видовме Неговата ѕвезда на исток и дојдовме да му се поклониме“. Ирод многу се вознемирил кога го слушнал

тоа. „Каде? Каде е тој цар? Не сум слушнал за никаков цар". Брѓу ги повикал свештеничките поглавари и тие му рекле дека пророците прорекле деја Месија, Христос, ќе се роди во Витлеем. Приказната ви е позната. Ирод ги испратил мудреците. Имал прилика да го запознае новиот цар, но немал очи за верата или срце *кое верувало*. Иако царот е роден само неколку километри подалеку, тој не бил подготвен да Го прими бидејќи во неговото срце немало вера. А во тоа е и проблемот, зар не? Постои многу повеќе од тоа, што не може да се објасни. Не можеме да го објасниме девственото раѓање. Не можеме да ја објасниме светлината на небото и ангелите кои го објавуваат раѓањето на царот. Не можеме да ја објасниме таинствената ѕвезда што се појавила. Не можеме да им ја објасниме сета таа драма и слава и чудо. Тоа е божествено потекло. Тоа може да го разбере само срцето кое има ум за верата. И нашето патување мора да биде патување за верата. Мораме да разбереме дека никогаш потполно нема да ги сфатиме чудесата на Божјата љубов, туку само со вера можеме да ја прифатиме.

**III. Биле подготвени да ја платат цената и да принесат жртва**

**Конечно, мудреците и пастирите биле готови да ја платат цената и да принесат жртва.**

**<u>А.</u>** Сетете се на пастирите. Кога рекле, *„Ајде да одиме до Витлеем, да видиме што се случило таму, што ни кажа Господ"*, тоа за нив било голема одлука. Морале да ги остават овците кога тргнале во Витлеем. Сè што поседувале зависело од овците. Била ноќ, тогаш доаѓале волците, ги напаѓале и ги убивале нивните овци. За овој чекор им била потребна вера. Морале да кажат, *„Оставаме сè што имаме и го бараме Божјото јагне, ќе ги довериме своите стада на Добриот Овчар кој ќе се грижи за нив"*. Сакам да мислам дека нивните овци биле живи и безбедни кога се вратиле, и дека од тогаш Бог ги благословувал на неискажливи начини, бидејќи биле подготвени сè да стават во Негови раце.

**<u>Б.</u>** И мудреците морале да ја платат цената. Тие ги оставиле своите семејства и својата работа и сè што им било познато и мило. Оставиле сè за да ја следат ѕвездата – да тргнат на чудно и неверојатно опасно патување – само за да се поклонат на новиот цар и да Му ги дадат своите подароци, злато, темјан, смирна.

**<u>В.</u>** Но, тоа не било случај со Ирод. Ирод слушнал за царот и бргу го прегрнал својот престол и прашал, „Каде е Тој“. Тој сака да се држи за она што го има – за своето злато и сребро, за својата сила и престиж. Се плашел дека ќе изгуби сѐ. Христовото раѓање значи предавање. Тоа значи дека суверениот небесен Бог погледнал долу и нѐ видел како умираме во своите гревови и рекол, „Не можам да го дозволам тоа. Морам нешто да направам“. Тој ја предал својата слава и сила. Станал бебе. Одел меѓу нас. Ја вдишувал нашата прашина. Дозволил да Го прогонуваме и да плукаме на Него, да забиваме клинови во Неговите дланки и стопала. Тоа е предавање. Христовото раѓање значи давање. Не само шарени подароци на луѓето кои ги сакаме, туку тоа значи себеси да му се предадеме на Бога.

### Заклучок

А. Некои од нас можеби се слични на пастирите. Немаме многу, и можеби не знаеме многу за она што светот смета дека е важно. Но, подготвени сме да слушаме што има Бог да ни каже.

Б. Некои од нас можеби се слични на мудреците, ја бараат вистината, поставуваат прашања, знаат за Неговото ветување дека ќе Го пронајдеме ако Го побараме со сето свое срце.

В. За жал, постојат и многумина кои се слични на Ирод и кои го отфрлаат Бога – кои Го мразат и не сакаат да го примат она што Бог им го нуди.

Секоја година, кога се потсетуваме на Христовото раѓање, се повлекува црта. Тоа се луѓето кои се слични на пастирите и мудреците кои доаѓаат да му се поклонат на Исуса. Тука се и луѓето кои се слични на Ирод, кои стојат студени и тврди, и одбиваат сѐ што Бог се обидува да го направи во нивниот живот.

Во која категорија припаѓаш ти? Кој најдобро те претставува? Сака да ги земе сите Ироди и да ги претвори во пастири и мудреци. Но, тоа може да се случи само ако сте подготвени тоа да Му го дозволите. Ако сте подготвени да ја примите Неговата порака. Ако сте подготвени да тргнете на патување кон верата. Ако сте подготвени да Му се предадете. Ова утро Бог ви упатува повик да пристапите кон Неговите јасли, кон Неговиот престол, да пристапите кон крстот и да ја запознаете Неговата љубов.

*Сабота, 4 ноември 2023*

## ХРИСТА ГО ПРОПОВЕДАМЕ СО...

**2. Коринќаните 4,5-6: „Зашто, ние не се проповедаме себеси, туку Христа Исуса како Господ; а себеси како за ваши слуги заради Исуса. 6 Зашто, Бог, Кој рече светлина да засвети од темнината, Тој засвети во нашите срца, за да ги осветли со познавањето на Божјата слава во лицето на Исуса Христа.“**

Марко уживал во пријатниот разговор, чајот и колачите од ориз во домот на господин Комори, кога другите гости почнале да ги земаат своите Библии в раце. Сите го погледнале со исчекување.

„Можете ли сега да проучувате со нас?“, љубезно го прашал господинот Комори. Марко речиси се засркнал пиејќи го чајот. Мислел дека целта на собирањето е добра забава. Освен тоа, не можел да се сети на вистинскиот одговор.

Марко предавал библиски предмети во христијанско училиште во Јапонија. Но таму сè било испланирано. Таму лесно можело да предава за Библијата, но спонтан разговор за Бога… тоа е нешто сосема друго. Уште во детството ги слушал сите библиски приказни, меѓутоа, тие, лично нему, многу малку му значеле. Го правел сето она за кое знаел дека е погрешно во Божјите очи. Затоа и се држел повлечено. Како може на другите да им зборува за Бога кога ни самиот не Го познава доволно!

Сега, додека седел на отоманот опкружен со луѓе кои чекаа, неговиот свет како да се урива пред него. Во мигот на страв се сетил на еден библиски стих, нешто за Светиот Дух кој ќе нè потсети што треба да кажеме кога ќе нè повикаат да сведочиме пред луѓето (Лука 12,12). Изговорил очајничка молитва за помош и почнал со најпознатата приказна на која можел да се сети: со параболата за изгубениот син.

Додека опишувал колку Бог ги сака дури и оние кои заталкале од Него, Марко сфатил дека зборува од длабочината на срцето. Неговите зборови дејствувале. За првпат во животот сфатил колку Бог го сака. Таа ноќ клекнал крај креветот и му го предал својот живот на Бога, кој конечно за него станал вистински Бог. Проповедањето за Божјата љубов била повеќе од вообичаеното апстрактно размислување. Сега тоа е вистина која завладеала со него.

**1. Исус нè повикува да сведочиме за Него**

Пред да се врати на Небото, Исус ги задолжил учениците да бидат Негови претставници: „Туку ќе примите сила кога Светиот Дух ќе слезе на вас и ќе Ми бидете сведоци… и сè до крајот на земјата" (Дела 1,8).

Учениците минале три и пол години слушајќи ги и следејќи ги Исусовите зборови и дела, за најпосле да станат сведоци на Неговата смрт и воскресение. „Бог Го воскресна Овој Исус, за кое ние сите сме сведоци" (Дела 2,32).

Кога отворено Му ги предале своите срца на денот Педесетница, воскреснатиот Исус со силата на Светиот Дух им го променил животот на своите следбеници. Тие станале сведоци не само за Христовото воскресение и вознесение, туку и за Неговата животодавна сила која им го променила животот.

Исто така, како христијани, ние сме сведоци на Исусовото воскресение бидејќи сме ја искусиле Неговата сила на обновување во нашиот живот.

„Но Бог, Кој е богат во милост – поради Својата голема љубов со која нè возљуби нас, нè оживе заедно со Христа и нас, кои бевме мртви поради нашите гревови, – по благодат сте спасени! – и со Него нè воскресна и со Него нè седна во небесните места, во Христа Исуса, та во идните векови да го покаже преголемото богатство на Својата благодат, според Својата добрина кон нас во Христа Исуса" (Ефесјаните 2,4-7).

Исус бара од своите следбеници на целиот свет да му ја носат радосната вест за тоа што може да стори Тој во нашиот живот и ни ветува дека ќе биде со нас додека го правиме тоа.

„Одете и научете ги сите народи, крштавајќи ги во името на Отецот, и Синот, и Светиот Дух, и учејќи ги да пазат сè што сум ви заповедал; и ете, Јас сум со вас преку сите дни до свршетокот на светот" (Матеј 28,19.20).

Како такви кои го објавуваат Евангелието, ние сме „управители на Божјите тајни" (1. Коринќаните 4,1). Наше предимство е да ја проповедаме силата на Евангелието.

„Видов промена во срцата на луѓето кои слушаа за Христовото евангелие. Патував по земјите во кои името на Бога и на Христос не беше познато, сè додека Црквата не почна да го објавува Евангелието. Видов како луѓето се чистат од својата нечистотија и стануваат

чисти, како болни стануваат здрави, како по долготраен страв од зли духови ја доживуваат радоста на христијанскиот живот. Видов промени на положбата на жените. Видов како од темнината на многубоштвото се раѓаат примерни христијански домови. Знам дека Христовото Евангелие е 'Божја сила за спасение' (Римјаните 1,16). Знам дека, додека Црквата го објавува Евангелието, се случуваат промени во срцата на луѓето и во нивните домови, промени видливи во животот на оние кои одговараат на неговиот повик". (*Х. М. С. Ричардс, основачот на радиопрограмата „Гласот на пророштвото"*)

Сите можеме да се вклучиме во оваа привлечна работа. Бог нам, на слабите човечки суштества, ни доделил посебна улога бидејќи давањето е важен дел од нашето растење. За да остане верата цврста, таа мора да се објавува, исто како што Марко открил дека разговорот за Бога ни помага Бог да стане наша стварност. Чинот на објавувањето на нашата вера ни помага да ја доживееме поцелосно. Сведочењето прави да раснеме.

Освен сведочењето со зборови, постојат и други начини на кои можеме успешно да ја извршуваме оваа задача:

**2. Христа го проповедаме со начинот на кој живееме**

Едно момче кое израснало во дом во кој имало насилство, еднаш забележало: „Ги гледав своите родители кои со својот пример ми даваа искривена слика за Бога. Никој од крв и месо никогаш не ми пружил љубов". Луѓето околу нас постојано бараат некој кој ќе им ја покаже вистинската слика за Бог, тие очекуваат некој „од крв и месо" кој ќе им ги открие божествените особини. Нашиот начин на живот често е нашата највлијателна проповед. Пред некој да се заинтересира за она што го зборувате, тој сака да знае колку го сакате. Апостол Петар повикува вака:

„Однесувајте се добро меѓу народите, така што токму во она за што ве клеветат како злосторници; врз основа на вашите добри дела, кога ќе ги видат, да Го прославaт Бога во денот на посетата. Зашто за тоа сте повикани, зашто и Христос страдаше за вас и ви остави пример, за да врвите по Неговите стапки" (1. Петрово 2,12.21). Бидејќи Христос „страдаше за нас", Тој ни е пример за пожртвуваната љубов. Таа љубов, која се огледува во нашите дела на милосрдија што им ги правиме на другите, може да стане моќна сила која ги предава луѓето во Христови раце.

### 3. Христа го проповедаме со нашиот начин на размислување

Отпорот кон искушенијата на сатаната, телото и овој свет изгледа невозможно. Исус бил: „Искушуван во сè како нас, освен во гревот“ (Евреите 4,15). Како успеал Тој онаму каде што многумина паднале?

Кога сатаната го искушувал Исуса во пустината, Исус успешно се бранел цитирајќи го Светото писмо (Матеј 4,4.7.10). Тој бил подготвен затоа што својот ум го исполнил со библиските вистини. Нашиот ум е место каде што се добива или губи битката. Ние обично се обидуваме да им се спротивставиме на искушенијата кога тие веќе ќе ги исполнат нашите мисли и речиси ќе нè совладаат. Така ги губиме повеќето битки. Меѓутоа, можеме да успееме ако ги нападнеме лошите навики кои се зачнуваат во нашите мисли: „Зашто тој е таков како што мисли во себе си: ’Јади и пиј, ти вели, но неговото срце не е со тебе‘“ (Мудри изреки 23,7).

Христијаните кои растат ги насочуваат своите мисли кон Небото. Бог е поголем од проблемите кои ги опкружуваат луѓето. Тие треба да се насочат кон позитивните особини кои сакаат да ги усвојат, а не на лошите навики кои сакаат да ги победат.

„’Радувајте се секогаш во Господа!‘ Пак велам: ’радувајте се! Господ е близу. Не грижете се за ништо, туку во сè преку молитва и молба со благодарност искажувајте ги своите просби пред Бога! И Божјиот мир, што го надвишува секој ум, ќе ги запази вашите срца и вашите мисли во Христа Исуса. Впрочем, браќа, сè што е вистинско, што е чесно, што е праведно, што е чисто, што е љубезно, што е на добар глас – ако е некаква добродетел, ако е некаква пофалба – мислете на тоа. Она што го научивте, и примивте, и чувте, и видовте на мене – правете го тоа, и Бог на мирот ќе биде со вас!‘“ (Филипјаните, 4,4.6-9)

Она со што го храниме својот ум, ќе го обликува нашиот карактер. Ако го внесуваме она што е минливо, минливост ќе излегува од нас, ако се стремиме кон вечното, од нас ќе излегува она што е вечно. Ако ја внесуваме Божјата реч, ќе живееме според Божјата волја.

### 4. Христа го проповедаме со својот изглед

Христијанинот, како Христов сведок, избегнувајќи ги крајностите, ќе биде одмерен во облекувањето. Еве како го опишува Библијата: „...Та ако некои не му се покоруваат на словото, да бидат придобие-

ни без слово, со однесувањето на своите жени, кога ќе го видат вашето поведение во страв и чистота. Вашиот украс да не биде надворешен: во плетење на косата, во ставање на злато или во облекување на разни облеки – туку: сокриениот човек на срцето во непропадливиот украс на кроткиот и мирен дух, што е од голема вредност пред Бога. Зашто така некогаш се украсуваа светите жени, кои се надеваа на Бога и им се покоруваа на своите мажи“ (1. Петрово 3,1-5).

„Исто така и жените да се украсуваат во пристојна облека, скромно и претпазливо, не со плетенки и злато, или со бисери или со скапоцени облеки, туку со добри дела, како што им прилега на жените, кои исповедуваат дека се побожни“ (1. Тимотеј 2,9-10).

Едноставноста во облекувањето и украсувањето отсекогаш ги красела вистинските христијани. Опседнатоста со надворешниот изглед обично упатува на фактот дека во нечија внатрешност ништо не се случува. Затоа христијаните го одбегнуваат снобизмот и секој облик на неумереност. Едноставниот, добар вкус сите го забележуваат. Добро е другите да ги привлекуваме не со начинот на своето облекување, туку со она што нашиот живот го зборува за Христос.

„Блажени се кротките, зашто тие ќе ја наследат земјата!“ (Матеј 5,5)

**5. Христа го проповедаме со своето однесување**

Историчарот Е. Гибон раскажува како на некој војник, додека Галериј го ограбувал персискиот логор, му се допаднала кожена торба полна со бисери. Војникот ја задржал употребуваната торба, но ги фрлил драгоцените бисери.

Сите кои им подлегнуваат на површните задоволства кои ги нуди овој свет, а ги отфрлаат Христа, Бисерот од непроценлива вредност, и вечното царство кое Тој го нуди, се во потешка положба од војникот кој го ограбувал логорот. Не се работи само за богатство кое може да ни се оттргне од рацете, туку и за вечното спасение. Затоа, Светото писмо нѐ предупредува: „Не сакајте го светот, ниту она што е во светот. Ако некој го сака светот, љубовта од Бога Таткото не е во него, зашто сѐ што е во светот: – похотта на телото, похотта на очите и гордоста на животот, не е од Таткото, туку од светот. А светот поминува и неговата похот, а кој ја извршува Божјата волја останува довека“ (1. Јованово 2,15-17).

Сатаната напорно работи да ги позлати најразорните гревови и нѐ наведува да ги прифатиме најлошите навики. Понекогаш помислуваме дека гревот незадрживо се шири низ светот. Зошто проститутките во различни програми изгледаат привлечно? Никогаш не гледаме измачено, исплашено суштество со збрчкано лице, кое ноќе изгубено талка по улиците. Зошто само млади, стројни, задоволни и здрави луѓе рекламираат алкохолни пијалаци? Никогаш во таа реклама не гледаме човечко суштество како се тетерави од некоја кафеана, не знаејќи каде оди.

Се чини дека денес најразорните задоволства најгласно се шират со помош на најмасовните и најпривлечните медиуми. Ние не можеме лесно да го прифатиме сето она што го нуди светот. Христос бара од нас, додека избираме, да бидеме „мудри како змии и безопасни како гулаби“ (Матеј 10,16).

Потребно е да ги одбегнуваме и срединитe кои се судираат со нашите христијански начела:

„Не впрегнувајте се во нееднаков јарем со неверниците! Зашто, што има правдата заедничко со беззаконието? Или какво заедништво има светлината со темнината?“ (2. Коринќаните 6,14)

Христос сака секогаш да им проповедаме на своите пријатели кои не се христијани. Добрите лични односи претставуваат основен начин за проповедање на нашата вера, но затоа мораме да бидеме сигурни дека пријателите нема да се вратат на стариот начин на живот. Ако чувствувате потреба да ја скриете својата вера додека се дружите со луѓето, нешто не е во ред во вашата духовност.

Сето она на што му дозволуваме да нѐ преокупира, па дури и забавите кои ги избираме, има влијание врз нашиот духовен живот. Ние мораме да ја знаеме вредноста на она со што го храниме својот ум.

„Не ќе оставам, пред моите очи, ништо подмолно. Мразам човек кој прави зло: тој не ќе биде покрај мене“ (Псалм 101,3).

Денешните облици на забава се презаситени со насилство и телесност. Живееме во свет на минливи вредности. Сепак, сѐ уште постои многубројна извонредна литература која лежи неоткриена. Многу литературни, ликовни и музички дела се занимаваат со основните вистини и ги раздвижуваат нашите најдлабоки чувства. Ако останеме во вакуум, ќе нѐ преплави она најлошото и ќе ја исполни празнината во нас. Овој факт посебно се однесува на нашите деца. Меѓутоа, ако своите мисли ги храниме со најдобра храна, злото нема да успее да нѐ совлада.

Задржувањето на високите критериуми, кога е во прашање она што го внесуваме во нашиот дом и во својот ум, нема да ја намали нашата слобода. Ако се занимаваме со она што е вистинско, благородно и добро, ќе ги прошириме своите видици. Постојат многу предности кои христијанинот можат да го направат среќен.

„Ќе ми го покажеш патот во животот, во Твоето присуство има полнота на радоста, десно од Тебе – вечно блаженство“ (Псалм 16,11).

**6. Христа го проповедаме со она што го даваме**

Непосредно пред крштевањето на еден верник, пасторот Ричардс забележал дека крштеникот сè уште го чува преполниот паричник во својот џеб. Пасторот го запрашал дали можеби заборавил своите пари да ги остави во собата за подготовка. „Мојот паричник и јас ќе се крштеваме заедно“, објаснил човекот. Тој го усвоил вистинскиот дух на христијанството – помагање на другите. Христијанинот расте додека дава и затоа и самиот Исус рекол: „Поблажено е да се дава, отколку да се прима“ (Дела 20,35).

**Како можеме да вложиме во небесната банка?**

„Не собирајте си богатства на земјата, каде што молецот и ‘рѓата ги уништуваат, и каде што крадци поткопуваат и крадат; туку собирајте си богатства во небото, каде што ни молец, ниту ‘рѓа ги уништува, и каде што крадци не поткопуваат и крадат; зашто каде е твоето богатство, таму ќе биде и твоето срце“ (Матеј 6,19-21).

Некои луѓе го минуваат целиот живот трупајќи богатство, а сè ќе снема кога работата ќе пропадне или ќе се случи „црн петок“ на берзата. Тоа што го даваме за напредокот на Божјото царство има вечна вредност.

**Колку од тоа што го имаме му припаѓа на Бога?**

„Господова е земјата и сè што е на неа, светот и сите кои живеат во него“ (Псалм 24,1); „Златото е мое, среброто е мое – зборува Господ над Воинствата“ (Агеј 2,8); Ние му припаѓаме на Бога од две причини: Тој нè создал, и со својата крв нè спасил од нашите гревови; „Не си припаѓате само на себеси, зашто скапо сте купени“ (1. Коринќаните 6,19.20).

**Колку ни дал Бог од сè што поседуваме?**

„Тој, Самиот, им дава на сите: живот, здив и сè“ (Дела на апостолите 17,25); „Спомни си за Господа, својот Бог! Па Тој ти даде сила за да го спечалиш богатството“ (5. Мојсеева 8,18); Распнатиот и во-

скреснат Христос нѐ повикува „како Негови соработници“ да им го проповедаме Евангелието на другите (2. Коринќаните 6,1).

**Колку бара Тој да му дадеме за поддршка на Неговото дело?**

„Смее ли човек да му задржува на Бога? А вие Ми задржувате Мене и прашувате: Во што Ти задржуваме? Во десетокот и во приносот… Донесете ги сите десетоци во ризницата за да има храна во Мојот Дом. Тогаш испитајте Ме – зборува Господ над Војските – не ќе ли ви ги отворам небесните брани и не ќе ли излеам врз вас благослов со полна мерка“ (Малахија 3,8-10).

Десетокот е десеттиот дел од нашата заработувачка (5. Мојсеева 14,22; 1. Мојсеева 28,22). За земјоделецот или трговецот заработката е приходот кој ќе остане кога ќе се одземат работните трошоци. За вработениот тоа е целата плата. Начелото за давање десеток е морално начело зашто во него се огледува нашиот карактер. Ако не даваме десеток, му задржуваме на Бога. За нас исто така е важно чесно да му враќаме на Бога десеток, како што е важно да бидеме чесни во плаќањето данок на државата или во какви било други деловни трансакции.

Додека живеел на нашиот свет, Исус забележал дека фарисеите одвојуваат десеток и за најситната семка. Иако не ја одобрувал нивната легалистичка религија, Тој, во Новиот завет, ја потврдил исправноста за давањето десеток: „Горко вам, книжници и фарисеи, лицемери, кои давате десеток од нане, копра и кимин, а го оставивте поважното во Законот: правдата, милоста и верата. Ова требаше да се прави, а она да не се остава“ (Матеј 23,23).

Десетокот му припаѓа на Бога и треба да се употребува единствено за поддршка и довршување на Христовото дело на Земјата, на која Тој ќе се врати: „Така, Господ им нареди на оние, кои го проповедаат Евангелието, да живеат од Евангелието“ (1. Коринќаните 9,14).

„И ова Евангелие за Царството ќе биде проповедано по целиот свет, за сведоштво на сите народи, и тогаш ќе дојде свршетокот“ (Матеј 24,14).

**Колку треба да се даде во приносите?**

„И така, сметав за потребно да ги замолам браќата да отидат пред нас при вас, и да го приготват однапред вашиот отпорано најавен дар на благослов, така што да биде готов како благослов, а не користољубие. А ова го велам: кој сее скржаво, скржаво и ќе жнее; кој

сее во благослов, во благослов и ќе жнее! Секој нека даде како што одлучил во срцето, а не со жал и не од принуда, зашто Бог го љуби радосниот дарител“ (2. Коринќаните 9,5-7).

Приносите или даровите претставуваат израз на лично решение. Тие се употребуваат за финансирање на проповедањето на Евангелието, покрај десетокот кој е наменет единствено за таа цел.

Божјиот план за систематско давање го потпира ширењето на Евангелието, но и нашиот личен христијански раст. Исус дава вакво ветување: „Давајте и ќе ви се даде: добра мерка – набиена, натресена, преполнета, ќе ви биде дадена во скутот, зашто со каква мерка мерите, со таква ќе ви се одмери“ (Лука 6,38).

Верниците неброено пати се увериле дека Бог многукратно ги наградува додека даваат. Пасторот С. Ричардс, во една пригода, ја раскажал следнава случка:

„Еден човек, кој цел живот го минал во коцкање, присуствуваше на евангелски состаноци во Лос Анџелес, и никогаш нема да ги заборавам миговите кога разговарав со него во дното на салата. Зеде куп пари од џебот, 500 долари, и сите ми ги даде велејќи: – Ова е мојот прв десеток! Тоа беше човек кој во последните триесетина години не работел ништо. Живеел од коцкање, па затоа го запрашав: – Како мислите да живеете?

– Не знам, – возврати тој, – но знам дека на Бога морам да му дадам десеток, а Тој ќе се погрижи за мене. И Бог се погрижи. Покајанието на човекот беше искрено. Тој целосно се освести и стана среќен во својот христијански живот. Бог сè до смртта се грижеше за неговите парични потреби“.

Бог не ветил дека сите верници ќе станат богати. Но, Тој нè уверува дека ќе ни го даде најнеопходното за живот. Христос дал сè за нас. Затоа сега можеме целосно да му го предадеме своето срце. Да откриеме колкава радост доживуваме кога на другите им зборуваме за Христа, за Радосната вест и колку тоа го збогатува нашиот духовен живот.

„Најмил Татко, Ти благодарам за ветувањето дека ќе ми дадеш радост во животот. Ти благодарам за Твојата милост и Твојата љубов која ме оспособи да растам. Помогни ми да Те проповедам со својот начин на живот, со давање и работа. Помогни ми да дозволам Исус секогаш да живее во мене. Помогни ми да се подготвам за денот кога Христос ќе дојде. За сè ова Те молам во името на Исус. Амин.“

*Сабота, 2 декември 2023*

## КАКВА Е ТВОЈАТА ОДЛУКА?

**Да се прочита: Малахија 3,13 - 4,6**

Постои една измислена приказна, која се раскажува на семинари за менаџмент и зборува за еден млад менаџер кој требало да замени еден извршен директор што одел во пензија. Младиот човек му пристапил на постариот почитуван водич и го прашал: „Господине, знам каква легенда станавте како водач на оваа компанија. Можете ли да ми дадете некој совет додека се обидувам да го пополнам вашето место?"

Стариот човек размислил за прашањето и одговорил: „Три збора: Носи добри одлуки"! „Тоа е добар совет", рекол младиот човек, додека ги запишувал овие зборови. „А, кој е клучот за донесување добри одлуки?"

„Еден збор", одговорил директорот ветеран. „Искуство".

„А како да го добијам", прашал младиот човек додека го запишувал зборот „искуство" на своето ливче.

„Два збора", одговорил стариот човек. „Лоши одлуки".

Проценето е дека секој од нас секојдневно се соочува со стотици одлуки. Тие се протегаат од најситни (што ќе јадеме денес за ручек), преку морални (добро или зло), од приоритети (подобро и најдобро). Сите сакаме да донесуваме добри одлуки за сè.

Зошто? Затоа што ние сме збир на нашите одлуки. Одредуваме одлуки, а одлуките нè одредуваат нас. Затоа треба да внимаваме какви одлуки носиме денес, бидејќи тие утре ќе станат наш начин на живот.

Секој ден се соочуваме со одлуки во нашата заедница со Бога. Дозволете да го употребам последниот дел од Книгата на пророкот Малахија за да објаснам пет подрачја во кои сме принудени да донесеме одлуки.

**I. Сакате ли да им служите на другите? (3, 13-15.18)**

Некои луѓе, на кои им се обраќал Малахија, биле виновни поради негодување и мрморење. Тие разговарале едни со други за своите клевети против Бога. Кога биле соочени со тоа, сите го од-

рекувале. Ова е седми пат во книгата кога тие ги негираат своите грешки. За што разговарале тие? Да му служиш на Бога е досадно. Бескорисно е. Богослужението, десетокот и служењето немаат никаква цел. Сето тоа е празно и залудно.

Оваа обвинение ја подига својата грозна глава во нашето срце денес. Некои луѓе престанале да служат, бидејќи во тоа не виделе никаква корист. „Не добивам ништо од тоа“. Или, „Бев верен, но Бог сепак не ме благословува. Дури, и лошите напредуваат, додека добрите луѓе страдаат“.

Малахија ја подигнал службата на повисоко ниво. Тој покажал дека службата ги раздвојува праведните од злите (3,18). Праведноста во Божјите очи е многу повеќе од кажувањето за верата. Праведноста на вистинската вера ќе се докаже себеси во срцето на службата.

Службата кон Бог е сериозна работа. Тој ни заповеда да служиме. Зар не е интересно што сакаме да ги наречеме слуги, а не сакаме да се однесуваат така кон нас? Сакаме луѓето да ја видат нашата понизност и да кажат, „Каков слуга“! Но, кога кон нас се однесуваат како кон слуга, ние се буниме, и се споредуваме со Израелците од времето на Малахија. Тогаш велиме „Тоа не е чесно. Кон мене не се однесуваат како што треба“. Еве за што се работи: Слугите немаат права. Тие се откажале од своите права. Слугите не зборуваат за она што е чесно. Тие служат.

Сите големи луѓе се нарекувале слуги. Бог му зборувал на Мојсеј, „мојот слуга Мојсеј“ (4,4). Најголемиот слуга бил Исус. Треба да го следиме Неговиот пример. Секој ден пред нас се става одлука дали ќе му служиме или не. Каква е вашата одлука?

**II. Сакате ли да укажувате стравопочит кон Бога (Малахија 3,16)**

Некои од луѓето со кои се среќавал Малахија сериозно го сфаќале Бога. Тие се плашеле од Господа и мислеле за Неговото име. Да се плашиш од Господа е синоним за искрено обожавање на Бога поради она кој е Тој и што е Тој.

Кога се плашиме од Бога, Неговиот татковски пристап значи сè, и ако го изгубиме тоа, ние ја имаме најтажните луѓе. Да се плашиме од Бога значи да имаме срце кое е чувствително кон Бога и кон Неговата милост. Да се размислува за неговото име и да се цени,

значи да се цени Неговата личност. Овие дела признаваат дека Господ е Суверен Бог на вселената, Создател на светот и Откупител на човечките суштества. Нему треба да му укажуваме само почит. Треба да трепериме од помислата дека на некој начин можеме да Го навредиме. Со Него не треба да се шегуваме. Тој е оган кој спалува и треба да трепериме во неговата присутност.

Да го познаваме Бога значи да се боиме од Него, восхитени од величината на Неговата слава. Бог постои не само за да ги исполнува нашите потреби. Ако ништо друго, ние постоиме за да ги исполнуваме Неговите барања. Тој е господар, а ние сме слугите. Тој има права; ние имаме одговорност. Него треба да го обожаваме: ние сме негови обожаватели. Бог не е само некој далечен лик на небото. Тој е Господар над војските, Семоќен Бог, Цар над царевите, Господар над господарите, Семоќен Бог. Тој е свет, свет, свет. Единствениот вистински одговор што Тој го заслужува е огромна стравопочит.

Мартин Лутер му рекол на големиот хуманистички научник Еразмо: „Твојот Бог е премногу сличен на човекот“. Лутер е познат и по својата изрека, „Бог нека биде Бог“. Кога имаме такви мисли, ние му укажуваме стравопочит на Бога. Нашето срце ќе се слушне во стравопочитувањето пред Него.

Секој ден пред нас се наоѓа одлука дали ќе се боиме од Бога или не. Каква е вашата одлука?

### III. Дали ќе бидете наградени од Бога? (Малахија 3,17)

Наградите доаѓаат со стравопочитувањето на Бог. Седумнаесеттиот стих открива пет аспекти на Божјиот карактер, кои ја одредуваат наградата што Бог им ја нуди на оние кои Му служат и се бојат од Него.

#### А. Бог нè слуша

„Кои се плашат од Бога, Господ внимава, ги слуша“ (3,16). Кога на Бога му укажуваме стравопочит, Тој нам ни го посветува своето целосно внимание. Сликата која овде се пренесува е Бог кој се наведнува напред за да го прими сè она што се зборува за Него. Кога му се обраќаме на Бога, Тој се вклучува на нашата фрекфенција.

#### Б. Бог се сеќава на нас

„Тоа се запишува пред Него во Спомен книгата во полза на оние, кои се бојат од Господа и кои Го почитуваат Неговото Име“ (3,16).

Ориенталните владетели често ги запишувале имињата и делата на граѓаните кои им се гледале како корисни дела, за да бидат сигурни дека нема да ги заборават кога ќе дојде време за соодветни награди. Бог води извештаи за секој од нас. Тој го памти тоа што сме го направиле. Единственото нешто, што Бог го заборава е нашите признаени гревови. Бог вели, „Ете, те врезав во Своите дланки, твоите ѕидови секогаш Ми се пред очите" (Исаија 49,16). Ние нешто пишуваме на рака за да не заборавиме. Бог нас не нè заборава. Тој се сеќава.

**В. Бог нè присвојува**

„Мои ќе бидат, Моја сопственост - говори Господ над Воинствата. Во Денот што го подготвувам ќе им бидам милостив како што таткото му е милостив на синот, кој му служи." . Зборот „МОИ" е недвосмислен. Тие, кои се плашат од Бога, му припаѓаат Нему. Кога веруваме во Исуса Христа, ние ја пренесуваме сопственоста. Повеќе не сме свои, туку му припаѓаме на Бога. Ние сме избран народ, Божји народ.

**Г. Бог нè цени**

„Мои ќе бидат, Моја сопственост - говори Господ над Воинствата. Во Денот што го подготвувам" (3,17). „Сопственост" значи нешто што е одвоено, како посебен имот. На пример, имате премногу работи, но тие работи имаа голема вредност и некаде посебно сте ги одвоиле за да се чуваат на сигурно. Така Бог нè цени и нас. Ние сме Му подрагоцени отколку што мислиме.

**Д. Бог е милостив кон нас**

„Во Денот што го подготвувам ќе им бидам милостив како што таткото му е милостив на синот, кој му служи" (3,17). Книгата на пророкот Малахија е полна со предупредувања за Божјиот суд. Тоа, е исто така и книга полна со чувства, бидејќи зборува за милоста кон оние кои служат, кои се бојат од Бога и Го прославуваат. Ние заслужуваме правда, но Бог ни дава милост. Не го добиваме тоа што го заслужуваме. Примаме многу повеќе отколку што заслужуваме. Бог нè помилувал. Сите ние сакаме награди, во каков облик и да доаѓаат. Но, нема подобри награди од оние кои доаѓаат од Бога.

Секој ден сатаната нè напаѓа и се обидува да нè излаже и уништи преку погрешно размислување. Тој не сака да веруваме во овие награди. Затоа сме соочени со одлуката: дали ќе веруваме на лаги-

те на сатаната или на Божјите зборови? Каква е вашата одлука?

**IV. Дали ќе бидете подготвени за судот? (4,1-3)**

Немојте да се залажувате: Ќе дојде ден на судот, чиј симбол е оганот. Тој ден Бог драматично ќе интервенира во работата на историјата. Тој ден грешниците ќе бидат спалени онака како што огнот ја уништува сламата. Изразот „нема да им остави ни корен ни гранче" (4,1) укажува на нивно потполно уништување од лицето на земјата. Лошите се како пепел под нозете на Божјиот народ. Спротивно на тоа, на народот ќе му се допадне новиот ден: денот полн со радост и прославување. Како што зраците на Сонцето донесуваат топлина и здравје, така Бог донесува исцелување во секој аспект на животот.

Малахија нè предупредува за судот кој доаѓа. Тој ден ќе бидеме третирани или како грешници или како свети. Тој ден би можел да биде овој ден. Дали сте подготвени? Дали сакате да се соочите со судот како грешници – осудени да го вкусите Божјиот гнев? Или како свети – оние кои веруваат во Исуса Христа. Каква е вашата одлука?

**V. Дали ќе го памтите Божјиот закон? (4,4)**

Мојсеевиот закон бил Божјо правило за животот на Евреите. Зборот кој се преведува како „памти" значи да бидеш послушен. Послушноста на Божјата волја носи најголема исполнетост. Почитувањето на Божјиот закон не ги спасува христијаните, но ќе уживаме во животот полн со награди, ако сме послушни на Неговите заповеди.

Некоја телевизиска екипа сниматели била на една задача во Јужна Флорида, снимајќи го широко распространетото уништување кое зад себе го оставил ураганот Ендру. Во една глетка, среде уништеното и пустошот, една осамена куќа стоела на своите темели.

„Господине, зошто вашата куќа единствено опстојала во целото соседство"? – прашал репортерот. „Како успеавте да ја избегнете страшната штета која ја направил ураганот"?

„Јас, сам ја изградив оваа куќа", одговорил човекот. „Исто така ја изградив според градежниот закон на Флорида. Направив сè што бараше законот. Сите материјали кои ги користев беа според овој закон. Ми беше кажано дека куќата изградена според овој закон може да му одолее на ураганот. Така и постапив, и куќата издржа.

Претпоставуввам, дека никој друг не го почитувал овој закон“.

Во Матеј 7 глава Исус им рекол на учениците дека послушноста на Неговите заповеди е како човек кој ја гради својата куќа на камен. Кога ќе наидат бури – а тие ќе надојдат – таа куќа ќе остане. Секој ден ни претставува одлука дали да ја послушаме Божјата реч или не? Каква е вашата одлука?

**Заклучок**

Овие пет одлуки се големи.

Дали ќе им служите на другите?

Дали ќе му укажувате стравопочит на Бога?

Дали Бог ќе ве награди?

Каква е вашата одлука?

**Илустрација:** Служба за погреби во една црква: Проповедникот удрил со рака по проповедалницата и погледнал кон ковчегот. Рекол, „Премногу е доцна за Џо. Тој можеби би сакал да го среди својот живот. Можеби би сакал да помине повеќе време со своето семејство. Можеби би сакал многу повеќе да направи, но сега е мртов. Премногу е доцна за него, но не е премногу доцна за вас. Сè уште има време за вас. Сè уште можете да донесете одлуки. Сè уште сте живи. Не е доцна за вас. Денес е ден за одлуки.

Потоа проповедникот рекол дека еднаш, еден автобус налетал на погребна поворка што се движела кон гробиштата, а тоа би можело да се случи и денес. Рекол, „Треба да одлучите денес. Денес е ден за да го средите својот живот. Премногу е доцна за стариот Џо, но не е доцна за вас“.

Тука бил присутен и еден познат човек, кој многу се изнервирал. На патот кон дома ѝ рекол на својата сопруга, „Дали некогаш си видела нешто толку манипулативно и толку нечувствително кон тоа сиромашко семејство? Мене ми беше одбивно“.

Таа му одговорила, „Никогаш не сум слушнала нешто слично. Беше манипулативно. Беше одбивно. Беше нечувствително. Но, најлошо од сè е што сето тоа беше и вистинито“.

Денес е ден на одлука. Каква е вашата одлука?

**ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА**
**4/2023**

**МИСИОНСКИ ПРОПОВЕДИ**
Излегува тримесечно

**Издава:**
*Одделение за саботна школа при*
*Христијанската адвентистичка*
*црква во Република Македонија*

**Одговара:**
Томе Трајков

**Превод и графичко уредување:**
*Мелита Томовска*

**Адреса на редакцијата:**
*Ул. Влае 42, 1000 Скопје*

**Тел/факс: +389 2 20 48 038**
**E-mail: tomehac@mt.net.mk**
**www. adventisti.org.mk**

**За интерна употреба**